**Д-р Абдула Алиу**
Универзитет на Југоисточна Европа
Правен факултет

# ВАЖНОСТА НА ПРИВАТИЗАЦИЈАТА ЗА ИНТЕГРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**СОДРЖИНА**

1. Вовед
2. Контекстот на приватизацијата во Македонија
3. Односите со ЕУ и приватизацијата
    3.1 Членството во ЕУ
    3.2 Политиката на ЕУ спрема Македонија
    3.3 Важнста на приватизацијата за членство во ЕУ
4. Библиографија
5. Анекс: Хронологија на односите Македонија-ЕУ

## 1. Вовед

Правната држава е предуслов за развојот на демокрацијата внатре во државата и за создавањето на можноста да се биде рамноправен партнер на меѓународната арена во целост и, посебно, за да се биде рамноправен член во европското семејство кое се вика Европска Унија.

Свесна за ова, Република Македонија со сите сили настојува да обезбеди правна инфраструктура, со што создава правна основа државната и приватната (индивидуалната) сопственост да бидат рамноправни и гарантирани.

Општествената сопственост веќе долго време се наоѓа во процес на приватизација. Преминот на општествената сопственост во други облици на сопоственост, во државна и приватна сопственост, создаде простор и за разни злоупотреби на ова поле.

Процесот на приватизација на општествената сопственост во Република Македонија е при крај зашто покрај трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, во согласност со Законот за приватизација на државниот капитал (Службен весник на РМ, бр.37/96), во голема мерка се приватизирани и претпријатијата со државен капитал.

Во процесот на приватизацијата на опщтествениот и државниот капитал останува отворено прашањето колку е успешна приватизацијата и заштитата од корупцијата како појава во државите на Западниот Балкан кои се наоѓаат во транзиција.

Покрај владеењето на правото, економската реформа претставува уште една димензија за важноста на приватизацијата за таа да се трансформира во функсионална пазарна економија, значаен услов за членство кој го постави Европската Унија.

## 2. Контекстот на приватизацијата во Македонија

Приватизацијата во бивша Југославија започна во 1989, меѓутоа таа паузираше после прогласувањето на независноста на Македонија во 1991 година. Кон средината на 1993 година беше донесен Законот за трансформација на општествениот капитал, ама приватизацијата започна дури кон крајот на 1994 година.

Во 1991 година, кога Македонија стана независна, најголемиот дел од претпријатијата беа претпратија во општествена сопственост во кои беа вработени околу 85% од вкупниот број на вработените. Доминацијата на претпријатијата во општествена сопственост, единствена за бивша Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во однос со државните претпријатија, го успори процесот на приватизацијата во Македонија.

Опщтествените претпријатија воглавно им беа продадени на вработените - на работниците и раководителите на претпријатијата, и тоа со мошне ниски цени. Во еден извештај на Меѓународниот Монетарен Фонд[1] од 2003 година се оценува дека на стратешките партнери им се продадени помалку од 20 проценти од претпријатијата. Ова, спрема ММФ, се покажа како проблематично зашто купувањето на претпријатијата од страна на вработените доведе до слабо корпоративно раководење, па во времето кога требаше да се прошири производството и да се модернизираат трговските врски, фирмите не работеа за да ја максимилизираат својата вредност и не успеваа да ги мобилизираат ресурсите.[2] Додека ММФ констатираше дека продажбата на претпријатијата на вработените по многу ниска цена предизвика отсуство на водење сметка, тој не дава никакви констатации во врска со корупцијата при продавањето на овие претпријатија.

---

[1] ММФ, "Профитот на претпријатијата зависи од приватната сопственост и големите буџетски ограничувања" (Enterprise profits hinge on private ownership and hard budget constraints) , IMF Survey, 17 Nëntor 2003, fq.341

[2] На исто место.

Една студија за Македонија направена за ММФ во Залдуендо[3] потврдува дека перформансите на приватизираните фирми се малку подбрена во текот на 90-те години, додека пак во текот на периодот 1994-97 профитабилноста на мешаните фирми се влошила и многу малку се подобрила после 1997 година. Според него, перформансите на оние фирми кои сé уште биле во општествена или државна сопственост била уште полоша кон крајот на 2000 година. Поради тоа Залдуендо констатирал дека Македонија ќе има голема корист од приватизацијата на фирмите кои останале во општествена сопственост. Оваа студија на ММФ покажува дека ММФ повеќе бил заинтересиран за развивањето на процесот на приватизацијата, а помалку за неговото правилно и некорумпирано одвивање. Меѓутоа, Европската Унија, покрај барањето за економски реформи и одредувањето на правото на сопственост, како значаен предуслов за европската интеграција на Македонија го одреди и барањето за владеењето на законот.

## 3. Односите со ЕУ и приватизацијата

### 3.1 Членството во ЕУ

Од 1 јануари 2004 Европската Унија има 25 држави членки и продолжува да биде отворена за можноста на понатамошното проширување на своето членство. За членство, државата кандидат треба да ги исполнува таканаречените Критериуми од Копенхаген, кои Европската унија ги одреди во 1993 година во Копенхаген, како одговор на барањата за членство од страна на бившите комунистички држави од Централна и Источна Европа.

Критериумите на Копенхаген за членство од државата кандидат бараат:

- да има стабилни институции кои ја гарантираат демократијата, владеењето на законот, правата на човекот и почитувањето и заштитата на малцинствата;
- да има функсионална пазарна економија, како и капацитет да се соочи со конкурентскиот притисок и пазарните сили внатре во Европската Унија;
- да биде способна да ги превземе обврските на членството, опфаќајќи го тука и прифаќањето на целите на политчката, економската и монетарната унија

[3] Zalduendo, Juan Enterprise Restructuring and Transition: Evidence from the Former Yugoslav Republic of Macedonia (Реструктуирањето на фирмите и транзицијата: Доказ од Бивша Југословенска Република Македонија), IMF Working Paper, WP/03/136, fq.7

### 3.2 Политиката на ЕУ спрема Македонија

Европската Унија во Западниот Балкан се ангажираше потикната од желбата за безбедност и зголемувањето на својот престиж, и таа како своја цел во оваа област си го постави создавањето на трајна стабилност, мир и развој. Економскиот развој, покрај развојот на демократијата, е исто така неопходен за постигнувањето на овие цели. Некои академици дури на економскиот развој му даваат и предност. Вудворд[4], на пример, верува дека "без економски раст нема политичка стабилност... демократиите може да почнат, ама не преживуваат, не се консолидираат доколку нема некоја одредена цифра на производството по жител". Во Македонија и целиот Западен Балкан ЕвропскатаУнија ги промовираше економските реформи, опфаќајќи ја тука и приватизацијата, кои ги промовираше и во бившите комунистички држави во Централна и Источна Европа.

Политиката на Европската Унија е содржана во Процесот за стабилизација и асоцијација кој беше објавен во 1999 година, политика која ги содржи основите за можното членство, што се покажа успешно за трансформацијата на Централна и Источна Европа. Целта на асоцијацијата-стабилизацијата е "на регион от да му донесе мир, стабилност и економски развој и да ја отвори перспективата за интеграција во ЕУ".[5] Во рамките на Стабилизацијата и асоцијацијата предвидено е еден уговорен договор и финансиска програма (CARDS) да ѝ помогнат на секоја држава за да напредува, со свој ритам, спрема ЕУ.

Ущте од самитот во Солун во јуни 2003 горина, сите држави на Западниот Балкан беа потврдени како "потенцијални кандидати" за членство во ЕУ. За да им го олесни исполнувањето на поставените критериуми на земјите од Западниот Балкан, на состанокот во Солун во 2003 година Советот на Европа се одлучи за создавањето на таканаречените документи "Европски партнеритети", и тоа посебно за секоја држава, со цел да се идентификуваат приоритетите во исполнувањето на критериумите за членство.

Во 2001 година Македонија го потпиша договорот за Стабилизација и асоцијација, а во 2004 година го поднесе барањето за членство. После ова барање, пред да ѝ го признае статусот држава кандидат, Европската Унија побара од Македонија одговори во многу сфери. Во февруари 2005 година Македонија ги предаде своите одговори и во ноември 2005 година Европска комисија оцени дека на Македонија треба да ѝ се даде статусот држава кандидат, после што почнуваат преговорите за членство, чие траење практично не е одредено.

---

[4] На исто место.

[5] Види ја презентацијата на ЕУ на Интернет: http://europa.eu.int/comm/external_relations/see/region/road_map_to%20_europe.pdf,

### 3.3 Важнста на приватизацијата за членство во ЕУ

Одлуката на Советот на Европската Унија од 14 јуни 2004 година во врска со принципите, приоритетите и условите кои се содржани во Европскиот партнеритет со Бивша Југословенска Република Македонија (2004/518/EC) ги дефинираше краткорочните и среднорочните приоритети во однос на Македонија во рамките на Процесот на стабилизација и асоцијација. Во рамките на краткорочните приоритети, документот бара "да се следат економските реформи" и во рамките на овие реформи бара "да се одреди и спроведе правото на сопственост, опфаќајќи тука и во контекст на приватизацијата".[6]

Извештајот за Стабилизација-асоцијација од 2004 година за Македонија на Европска комисија ја идентификува економската состојба, опфаќајќи го тука како проблематика и спроведувањето на правото на сопственост: "Економската состојба и, посебно, сериозните слабости во функционирањето на економијата, бизнис климата, конкуренцијата и спроведувањето на правото на сопственост, претставуваат сé поголем предизвик за успешната транзиција на земјата".[7] Според овој извештај, директните странски инвестиции се малубројни и тие може да се зголемат само доколку продолжи да се подобрува институционалната и политичката стабилност и доколку се продолжи со реформите.

Во економскиот профил на Македонија изработен од страна на Европската комисија се вели дека странските директни инвестиции (FDI) во Македонија последните години изнесувале околу 2 проценти од производството по жител (GDP) и се тврди дека факторите кои го објаснуваат "ова релативно ниско ниво" се сметаат како "недостаток на големите приватизации, неповолната бизнис клима и слабости во полето на судството и спроведувањето на правото на сопственост".[8]

Европската комисија имаше забелешки и на владеењето на законот, еден друг аспект кој, преку појавата на корупцијата, се поврзува со приватизацијата. "Сериозниот напредок во спроведувањето на владеењето на законот исто така ќе биде клучен", се вели во извештајот на Европската комисија од 2004 година.

Овој извештај констатира дека БЈР Македонија има бавен напредок во зајакнувањето на владеењето на законот, главно поради структурните

---

[6] Види Службен весник на Европската Унија, Л 220/20, 23.6.2004

[7] Види го Извешатјот СЕЦ(2004) на презентацијата на Интернет на Дирекцијата за проширување на Европска комисија, стр. 3

[8] Види ја страницата на Интернет на Европската Унија: http://www.europa.eu.int/comm/enlargement/fyrom/economical_profile.htm

слабости на судските институции и на оние за спроведувањето на законот, поради политизираната и сиромашна јавна админситрација, поради корупцијата и организираниот криминал. За европската комисија слабоста на институциите и недостатокот на транспарентноста на јавните одлуки се клучни прашања. Комисијата побара зајакнување на институционалниот капацитет, јавното обвинителство да ја истражува и гони корупцијата и мрежата на соработка помеѓу органите за спроведувањето на законот. Комисијата констатираше дека недостасуваат јасни концепти за координација во идентификацијата и кривичното гонење на корупцијата и дека размената на информациите помеѓу полицијата против деликтите, финансиската полиција, јавното обвинителство и Државната комисија за спречувањето на корупцијата е неуспешна.

## 4. Библиографија


Европска Унија, Европска комисија, дирекција за проширување:
http://www.europa.eu.int/comm/enlargement/fyrom/economical_profile.htm

Европска Унија, Европска комисија, дирекција за проширување:
http://europa.eu.int/comm/external_relations/see/region/road_map_to%20_europe.pdf

Европска Унија, Европска комисија, дирекција за проширување, Извештај СЕЦ(2004) 373.

ММФ, "Профитот на претпријатијата зависи од приватната сопственост и големите буџетски ограничувања" (Enterprise profits hinge on private ownership and hard budget constraints) , IMF Survey, 17 ноември 2003.

Службен весник на Европската Унија, Л 220/20, 23.6.2004

Zalduendo, Juan. Enterprise Restructuring and Transition: Evidence from the Former Yugoslav Republic of Macedonia, IMF Working Paper, WP/03/136.

**5. Анекс: Хронологија на односите Македонија-ЕУ**

- **1999:** ЕУ им го предлага Процесот за стабилизација и асоцијација на пет држави на Југо-западна Европа, опфаќајќи ја тука и Бивша Југословенска Република Македонија.

- **2000:** Советот на Европа одлучи дека државите од Процесот за стабилизација и асоцијација се "потенцијални кандидати" за членство во ЕУ.

- **9 април 2001:** Се потпишува Договорот за стабилизација и асоцијација (SAA).

- **1 јуни 2001:** Стапува на снага Привремената спогодба.

- **13 август 2001:** Во Охрид се потпишува Рамковниот договор.

- **2003:** На самитот во Солун ПСА се потврди како политика на ЕУ спрема Западен Балкан. Се потврдува перпесктивата на ЕУ за овие земји.

- **22 март 2004:** Апликација за членство во ЕУ.

- **1 април 2004:** Стапува на сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

- **17 мај 2004:** Советот на ЕУ бара од Европската комисија да подготви мислење за апликацијата на Македонија.

- **14 јуни 2004:** Советот одлучува за партнеритет помеѓу Европа и БЈРМ.

- **14 септември 2004:** Се одржува првиот состанок на Советото за стабилизација и асоцијација помеѓу ЕУ и БЈРМ.

- **1 октомври 2004:** Комисијата го предава прашалникот за подготовување на мислењето на Европската комисија.

- **14 февруари 2005:** Владата ѝ ги предава на Комисијата одговорите на прашалникот на Советот на Европа

- **9 ноември 2005:** Европската комисија му препорачува на Советот на Европа на Македонија да ѝ се даде статусот држава кандидат.